РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2103/7
20-11-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по анонимна пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата на 41-та седница одржана на ден 30.10.2026 година донесе:

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-2103/1 од 02.06.026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-2103/1 од 02.06.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по анонимна пријава, оформи предмет со број 08-2103/1 од 02.06.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето _____ по назначување на функцијата _____.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека_____ во законски предвиденият рок од 30 дена од денот на назначувањето на функцијата _____, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-2103/5 од 15.09.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот. Истиот во рок го плати наведениот износ на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

По плаќањето на глобата лицето нема доставено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК, по што ДКСК ќе достави укажување до истото за исполнување на обврската согласно член 82 став 1 од ЗСКСИ.

Со превземање на горенаведените дејства од страна на ДКСК нема елементи за понатамошно постапување, поради што одлучи како во диспозитивот.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б., соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН. -член/anëtar